**20160671943**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 51 став (8) од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13, 148/15, 192/15 и 55/16), министерот за правда донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА МЕДИЈАТОР

Член 1

Во Правилникот за условите и начинот на полагање на испитот за медијатор („Службен весник на Република Македонија“ бр.223/15), во член 2 во ставот (1), зборовите „февруарска и октомвриска“ се заменуваат со зборовите „февруарска, априлска, мајска, јунска и ноемвриска“.

Во ставот (2) зборовите „(јануари и септември)“ се заменуваат со зборовите „(јануари, март, април, мај и октомври)“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-1625/2
1 април 2016 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Аднан Јашари,** с.р.